**20210310461**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 февруари 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/21) во делот I износот „1.196.897.000“ се заменува со износот „1.119.797.000“, а износот „426.897.000“ се заменува со износот „349.797.000“.

II

Во делот II во ставот (1) износот „996.100.000“ се заменува со износот „919.000.000“.

Во табелата во мерката 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)“ износот „90.100.000“ се заменува со износот „105.000.000“.

Во мерката 215 „Органско производство“ износот „104.000.000“ се заменува со износот „12.000.000“.

Во „Вкупно за мерки за финансиска поддршка на руралниот развој“ износот „996.100.000“ се заменува со износот „919.000.000“.

III

Во делот XII се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 105.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.“

IV

Во делот XIV во ставот (3) износот „12.000.000“ се заменува со износот „5.950.000“.

V

Во делот XV се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 12.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 215 „Органско производство" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.“

VI

Во делот XXI по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Дел од средствата од ставот (5) на овој дел во износ од 431.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.“

Ставовите (6), (7), (8), (9), (10) и (11) стануваат ставови (7), (8), (9), (10), (11) и (12).

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-1809/1
2 февруари 2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.